Иван Котев

# Турунџула Каравлашки

Посебна благодарност до **НУЦК** ***Антон Панов*** –
Струмица и директорот **Ванчо Ристов – Патриков**
кои го овозможија излегувањето на оваа книга.

**Иван Котев**

***Турунџула Каравлашки***
(Македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко)

**Издавач:**
НУЦК *Антон Панов* – Струмица

**За издавачот:**
Ванчо Ристов Патриков, директор

**Уредник:**
Никола Д. Сарајлија

**Рецензент:**
д-р Ана Витанова – Рингачева

**Лектор:**
м-р Јасмина Поркојевиќ – Миленковиќ

**Технички уредник:**
Ѓорѓи Пелтековски

**Дизајн на корица и илустрации:**
Александар Филев

**Техничка поддршка:**
Иван Бозов и Влатко Филчевски

**Печати:**
ЗД *Графосервис* – Струмица

**Тираж:**
500

**Иван Котев**

# Турунџула Каравлашки

**(Македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко)**

НУЦК *Антон Панов*
Струмица, ноември 2018

# Турунџула Каравлашки – автохтон епски јунак во народната песна од Струмица и Струмичко

## (Осврт кон книгата *„Турунџула Каравлашки“ македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко* од Иван Котев, Струмица, 2018)

Чекорејќи низ животните врвици кои векови наназад ги разгазувал македонскиот народ, во својот одважен чекор за свој најверен сопатник си ја имал песната. Тој неа ја создавал и пеел, а таа верно го следела, му била поткрепа и потпора кога, изморен од животот, барал место за починка. Силно сраснати песната и човекот заедно ги поминувале сите премрежја. Чекореле храбро до Голгота, кога со крстот на себе морале да го поминат патот послан со трње, а во пазувите љубоморно чувајќи си ги јазикот, верата и обичаите. Неправдите, маките, ударите од немилосрдната рака на животот, покорот и непокорот, станале силен порив да се отпее болката, така помалку ќе боли, со надеж дека еден ден ќе престане. Живеејќи и крепејќи се на силниот грб на колективот, нашиот народ пеел и плачел, со подзатворени очи и занишување на главата во екстаза, станувал едно со песната. Таа извирала длабоко од неговата душа, а тој, надарениот македонски пејач, откорнувал стих по стих, за да создаде неповторлива бисерна низа, толку скапоцена и бесценета.

Егзистирајќи меѓу фактот и фикцијата, меѓу историските и псевдоисториските вистини, епскиот јунак секогаш бил во фокусот

на научните истражувања. Епската народна поезија е единствениот документ кој сведочи за епскиот јунак Турунџула Каравлашки. Во епската песна, колективот ја раскажал својата приказна за јунакот извајан со најубави атрибути, за најсилниот и бестрашен закрилник кој ги заштитувал и чувал од секакво зло, од неправда и од непријателска рака. Кога правиме книжевна анализа на јуначката епика, не смееме да го пренебрегнеме фактот дека таа изобилува со неточни историски факти и голем број анахронизми. Всушност, како што посочува Пенушлиски, историјата во епските песни е псевдоисторија. Но, историските белешки немаат суштинско значење кога зборуваме за епската песна, бидејќи таа суштествува во сижејната линија што ја следи и тука останува да егзистира. Не судиме за тоа, дали некој лик навистина постоел и какви историски податоци има за него, судиме единствено по тоа, какво богатство кријат епските песни, богатство на мотиви, стилски обележја, дескрипции, нарации...

Собирањето и запишувањето на епските народни песни е посебен предизвик кој бара добро упатен запишувач и информатор кој доследно ќе го пренесе она што го знае. Името на фолклористот Иван Котев веќе со децении е синоним за страстен собирач на народното творештво од Струмица и од регионот, но и голем познавач на автохтоните белези на фолклорот од овој крај. Неговата објавена книжевна архива е богата, а необјавената крие немерливи богатства, кои допрва треба да блеснат. Објавувањето на книгата ***„Турунџула Каравлашки“ македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко*** е подвиг кој требаше да се случи, за да станеме сведоци на моментот на расветлување на ликот на јунакот, за кој со децении истражува Котев. Овој интересен епски јунак, претставува предизвик за самиот собирач и од научен аспект. Всушност, првиот и единствен научен труд во македонската фолклористика, па и пошироко, кој го истражува овој епски јунак е трудот на Иван Котев. Станува збор за текстот „*Турунџула Каравлашки во епската народна песна од Струмичко*“ прочитан на Меѓународниот научен

симпозиум „Власите на Балканот“ одржан на 9 и 10 ноември 2001 година во Скопје. Со самото тоа, Котев го дава најзначајниот прилог во истражувањето на лик од народната епика, сосема нов и досега непознат. Иван Котев во предговорот на книгата ги посочува имињата на познати собирачи и фолклористи кои запишале и објавиле песни за Турунџула Каравлашки. Меѓу нив најпознати се Верковиќ и Шапкарев со по една песна, а во поново време Илија Здравев и Тома Батев, една лирска песна запишана во далечната 1941 година од П. Коледаров и Коста Пеев. Останатите четиринаесет епски песни за јунакот Турунџула Каравлашки се запишани и дешифрирани од самиот Котев во периодот од 1970 до 2016 година и две од песните се за јунаци – девојки. Освен песните, книгата содржи и речник на лични имиња, речник на географски имиња, како и речник на непознати зборови и изрази, што самото по себе значи дека Иван Котев ја поставува оваа книга во редот на највредните изданија од ваков вид во македонската фолклористика.

Најголем куриозитет, кога зборуваме за македонската епска поезија, претставува фактот што песните за Турунџула се дел единствено од македонскиот епски корпус и што е уште позначајно, се пееле единствено во регионот на Струмица и Струмичко. Иван Котев, кој со децении го следи патот на овој јунак во епската песна, констатира дека и варијантите што ги имаат запишано Верковиќ и Шапкарев најверојатно потекнуваат од овој регион, ако се има предвид фактот дека во собирачката дејност им помагале писмени луѓе од овие краишта. Како и зошто ликот на овој епски јунак не ги преминал овие локални граници, науката сè уште нема одговор. Ако Марко Крале во науката се набљудува како *параметар на ненадминат, споделен херој*, како што го нарекува Кристина Димовска (се среќава во фолклорот на скоро сите јужнословенски народи), тогаш за ликот на Турунџула Каравлашки сметаме дека е лик на автохтон епски јунак, познат само во една мала изолирана средина. Гледајќи го списокот на информатори, може да се воочи дека доминираат оние од бежанските села Иловица, Секирник, Турново. Дали можеби

Турунџула Каравлашки е епски јунак за кој пееле нивните предци од егејскиот дел на Македонија, а тие кога бегале, материјалното го оставиле, но духовното не, со себе ја понеле и песната?! Но што со информаторите од другите села, па и од градот Струмица?! Песната е крилата птица, само таа прелетува височини, невидливи за окото на човекот.

Кога зборуваме за епскиот јунак Турунџула Каравлашки, неопходно е да ја посочиме неговата посебност детектирана на неколку пунктови во песните. За разлика од епските јунаци Марко Крале и Болен Дојчин кои се широко распространети во јужнословенскиот фолклор, ликот на Турунџула Каравлашки, не се споменува речиси во ниту еден контекст. Во недостаток на историски прототекст за ликот на Турунџула Каравлашки или каков било запис поврзан со неговото име, на информаторот му се остава простор за индивидуални интервенции, што доведува до опасност од појава на анахронизми. Епската народна поезија е единствениот документ кој сведочи за епскиот јунак Турунџула Каравлашки. Она што исто така ги бранува научните кругови е името на јунакот, кое на прво слушање буди асоцијации на негово евентуално влашко потекло. Меѓутоа, името на овој епски јунак остана непознато и за влашкиот фолклор. Самиот Иван Котев потенцира дека во струмичкиот регион имало значителен број Власи, но почнувајќи од половината на XIX век се иселиле и тоа во најголем број во соседна Република Грција. За присуството на Власите во Струмичко, според Котев, сведочат и одреден број топоними како што се „Влашки гроб“, „Влашки колиби“ и други.

Можеме да поставуваме хипотези, да бараме поткрепа за нашите ставови, но ни се чини дека сепак, ликот на Турунџула Каравлашки ќе остане во сферите на непознатото. Она што недвосмислено се поставува како суштинско прашање е дилемата, дали навистина постоеле јунаци слични на Турунџула Каравлашки или тие се само креација на човековата мисла. Тешкиот и мачен живот по селата, немоќта на човекот пред налетот на окупаторските

војски како и немоќта во борбата со непобедливата природа, создале плодно тло за дејствување на раскошната човекова мисла. Силната потреба да се има свој закрилник, да се има чувар на добробитот, личен, но и колективен, се претворила во силен мотив за создавање претстава за ликот на посакуваниот јунак. Тие претстави низ времето ќе претрпат промени. Јунакот најчесто бил претставуван како суштество кое поседува натприродни особини, со доминантна хиперболизација од народниот пејач. Но, како што минувало времето, така одредени атрибути се изоставуваат и јунакот се доближува до ликот на обичниот човек со сите негови доблести и слабости. Народниот пејач на дискретен индиректен начин го сместува ликот на епскиот јунак меѓу обичните луѓе, со што ја задоволува својата потреба од личен закрилник, некој кој стои на чело на заедницата и е нејзин чувар и заштитник. Идеализацијата како фундамент на јуначката епика го издигнува ликот на јунакот до невидени височини, но истовремено народниот пејач му остава место на јунакот во сферите на световното. Народниот пејач секогаш го престројува јунакот во редот на најголемите, согласно во времето кога е создавана песната. Тој секогаш е во друштво со големците, со нив седи на трпеза, со нив разговара, со што се сугерира неговата висока позиција во заедницата.

*Се собрали, гиди, се набрали,*
*сè краљове, гиди, сè банове;*
*меѓу нихка ј млади Турунџула,*
*Турунџула, гиди, Каравлашки,*
*Каравлашки, гиди, капетана.*

Во насока на идеализација на јунакот во песните се среќаваат и повеќе варијанти на неговото име: *Турунџула Димо Капитана, Турунџула Каравлашки капетана, Каравлашки каракапетанџки; Каравлашки капетано, каракарумано* и слично. Преку асоцијативни разгранувања, народниот пејач дава свои варијанти на името и титулата на епскиот јунак. Најфрекфентна е титулата *капитан/*

*капетан* за која има податоци  дека, за време на турското владеење се употребувала како феудална титула, за некој кој бил управник на некоја област. Но, во овој наш осврт се оградуваме од хипотетички дескрипции, тоа го оставаме како предизвик за некое следно истражување. Заклучокот би бил, дека сепак станува збор на епски јунак кој народниот пејач милува да го постави во редот на најхрабрите, најголемите и највлијателните.

Песните запишани и собрани во оваа книга – бисер на македонската фолклористика, се песни кои ги почитуваат утврдените законитости на поетиката на јуначката поезија. Песните имаат еден стожерен мотив, женидбата на Турунџула и само во една песна се пее за борбата со Арап Али-бег. Женидбата на јунакот во сите песни е опеана со акцентирање на моментот на грабнувањето на невестата. Турунџула Каравлашки е интересен пример на епски јунак, бидејќи песните  кои останале да живеат до денес во колективната меморија на населението од Струмица и Струмичко, имаат еден доминантен мотив. Во народната јуначка епика доминантен е борбениот белег, односно прикажувањето на борбата на јунакот против непријателот (најчесто против Турците), а помалку се среќаваат песни со мотиви од семејниот и личен живот на јунаците. Меѓутоа, песните што ги засведочивме во оваа книга ни покажуваат една поинаква состојба и поинаква поставеност на мотивите. Имено, само една песна од собраните и запишани фолклорни единици е песна во која се пее за борбата на јунакот Турунџула против Арап Али- бег. Арапите во нашата народна епика се во најнепосредна врска со асоцијациите за турскиот јарем и се симбол на лоштотија и несреќа (Симитчиев  1981:48), па борбата со нив и уништувањето на нивната сила, е најголемиот предизвик пред кој биле исправени епските јунаци. Очигледно е дека, народот најсилно ја чувствувал тежината на тој јарем и во желбата да се ослободи од неа, создавал ликови на јунаци со огромна сила, кои можат да му се спротивстават на непријателот, кој во нивните очи е непобедлив. Оттука, борбата на епскиот јунак со Арапите е еден од најфрекфентните мотиви во македонската народна епика.

Песната *„Турунџула и Арап Али-бег“* што Котев ја снимил 1970 год. во с. Иловица, го има стожерниот мотив, бестрашниот јунак оди во борба против *Турците анадолци* и покрај укажувањата на мајката дека ќе биде предаден:

*– Ај ти мајко, ти стара ле мајко!*
*Таква сина ти ли си родила*
*да му страх од Турци анадолци?*

Двата лика се ставени во позиција да си ги измерат силите, имаат моќ да испијат по *седумдесе ока,* да се борат *три дни и три ношти* и на крајот да се надмудруваат кој да ја добие наклонетоста на *Мара мејанџика*. Во перцепцијата на нашиот народ, силата на турскиот поробувач била огромна, застрашувачка, та дури и неуништлива. Но, во потрагата како да се обессили напријателот, народниот пејач во својот богат и раскошен мисловен свет, креирал ликови, достојни да му се спротивстават на разјарениот непријател. Крајот на песната е во духот на одмаздата кон предавникот, олицетворен во ликот на Мара, преку една безмалку, веристичка слика на палење на девојката:

*– Д али сакаш ламба да ми светеш,*
*или сакаш диван да ми стоиш?*
*Еј, еј, ајде му проговара Мара механџика:*
*– Ј ас на тебе ламба ќе ти светам!*
*И му донеле една рогузина,*
*ја омота Мара механџика.*
*Ја запали млади Турунџула*
*и им веле: – Ти сега ќе светеш!*

Песните од оваа книга целосно се вклопуваат во канонизираните правила кои важат за епската народна песна. Веќе констатиравме дека народниот пејач ја следи тенденцијата за идеализација на јунакот, а стилските изразни средства се во функција на постигнување на таа идеализација. Мултиплицирањето на атрибутите на

јунакот оди во насока на истакнување на неговата големина, што самото по себе значи, идеализација на јунакот. Ако се погледне подлабоко, ќе се воочат многу стари наслојки од кои е создавана народната епска песна. Интересен е ликот на коњот кој е негов најверен пријател, соговорник и советодавец. Коњот го анализираме како лик помошник, чие потекло нѐ носи до древните митски претстави за неговата најзначајна улога во животот на јунакот. Претставите за крилатиот коњ и неговата моќ за пренесување на јунакот од еден во друг свет, се познати митологеми во науката:

***Чудо стана, којнче да продума:***
*– М ожам, можам, гиди, как' да не можам!*
*Ти ми тури, гиди, седло шикосано,*
*и зенгији, гиди, калајлии,*
*и уздата, гиди, позлатена,*
*и си земи пр'чка минделова,*
*дек' ќе одам, гиди, дек' ќе летнам*
.................................................
*да ќе од'ме на Будима града,*
*ќи заварме тамо свадба дека ќе имат,*
*нија ќе флезиме ф невестини двори,*
*ти ќе фрлиш сѐ ж'лти ж'лтици,*
*сите ќи се наведат ж'лтици да берат,*
*а нивеста, гиди, нија ќе грабиме!*
*Ќе ја грабиме, наsат ќе се в'рниме,*
*ќе а донесме, гиди, в' твои дворове,*
*и пак твоја ќи је, море, не се боји!*

Отворањето на портите во светот на натприродното, значи потреба да се дивинизира ликот на епскиот јунак, да се обоготвори, да се доближи до ликот на божественото. Тоа би значело дека епскиот јунак, креиран од свеста на обичниот човек, стои на границата

меѓу световите, меѓу земниот и небесниот. Потребата, епскиот јунак да се доближи до светот на натприродното, произлегува од насушната желба, заштитникот или закрилникот на заедницата да се издигне над ефемерното и земното. Наративната линија што ја следи епската песна, ја пренесува приказната за младиот јунак Турунџула, кој оди да грабне невеста на денот на нејзината свадба. Во обидот да се глорифицира ликот на јунакот, во песната *Крали Марко свадба праве* која Котев ја презема од Коста Пеев (Коста Пеев. *Кукушки говор* II, Скопје, 1988), Турунџула му ја грабнува невестата на големиот Крали Марко. Песните изобилуваат со повторувања и ретардации, како една од најважните специфики на народната епска поезија и композициски се следи шемата на типизиран почеток и стереотипен крај. Песните започнуваат во духот на типизираните формули за обраќање во епските песни: *– Ај, море Турунџула Каравлашки, / дека одеш, сино море, дека ле шеташ?* или пак *Турунџула, гиди море, Каравлашки, / Каравлашки, гиди море, капетана. / Сегде јоди, гиди море, сегде шета, / нигде зарар, гиди море, не направил.* Крајот е скоро идентичен за сите песни, откако ќе ја земат невестата, Турунџула му се обраќа на коњот: *Бегај, бегај којна, бегај да бегаме, / што сакахме, којна, лова заловихме!* или во духот на епското раскажување: *Се собраја, гиди море, роднините, / роднините, гиди море и комшији, / да му видат, гиди море, младата невеста - / у лице је, гиди море, бела црвена, / на снага је, гиди море, т'нка висока*.

Призвукот на локалните дијалекти, во созвучје со убавата архаична лексика, ги втемелуваат овие песни во редот на македонските епски бисери. Песните за Турунџула Каравлашки се редок артефакт ископан од длабоките бунари на традицијата. Нашиот приод кон песните за Турунџула Каравлашки го ставаме во функција на расветлување на историските и книжевните вистини за овој ендемски епски јунак. Книгата ***„Турунџула Каравлашки“ македонски епски народни песни од Струмица и Струмичко*** **на Иван Котев** претставува најголем влог во современата македонска фолкористика и откривање на ликот на епскиот јунак, досега речиси непознат

и сокриен од погледот на научната јавност. Вреди да се запрашаме, има ли начин да му се оддолжиме на Иван Котев за вредното духовно богатство што ни го остава во наследство?!

***д-р Ана Витанова Рингачева***

# СОДРЖИНА

Ана Витанова Рингачева:
Турунџула Каравлашки – автохтон епски јунак
во народната песна од Струмица и Струмичко..................... 5

Иван Котев:
Турунџула Каравлашки во македонската
епска народна песна од Струмица и Струмичко.................. 15

1. Песна за Турунџула Каравлашки........................................ 25
2. Турунџула................................................................................ 28
3. Турунџула................................................................................ 30
4. Турунџула Каравлашки......................................................... 32
5. Турунџула, каравлашки капетан........................................ 33
6. `Турунџула и Арап Али-бег................................................. 35
7. Турунџула каравлашки........................................................ 38
8. Турунџула................................................................................ 40
9. Турунџула Каравлашки......................................................... 41
10. Турунџула.............................................................................. 43
11. Турунџула.............................................................................. 45
12. `Турунџула............................................................................. 47
13. Турунџула.............................................................................. 49
14. Турунџула Каравлашки....................................................... 50

*Од други извори* ........ 53

15. Крали Марко свадба праве ........ 55
16. Турунциа си граби невеста ........ 57
17. (Женидбата на Турунџула) ........ 60
18. Крали Марко свадба праве ........ 62

*Непознат јунак* ........ 65

19. Јунак и будимска девојка ........ 67

*Девојки по стапките на Турунџула* ........ 73

20. Малкај мома рамни двори мете ........ 75
21. Девојчица Бога помолила ........ 77
22. (Девојка бара јунак спроти неа) ........ 78

Turundzhula Karavlashki
Macedonian epic folk songs from Strumica
and the Strumica region ........ 81

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: ........ 82

РЕЧНИК НА ЛИЧНИ ИМИЊА ........ 83

РЕЧНИК НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА ........ 85

РЕЧНИК НА НЕПОЗНАТИ ЗБОРОВИ И ИЗРАЗИ ........ 87

СПИСОК НА ИНФОРМАТОРИ ........ 92

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ ........ 93